До

Совет на Општина Кичево

Предмет: Доставување на Одлука за изменувањеи дополнување Статут

Почитувани,

Управниот одбор на Општинска Установа Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево на својата редовна седница донесе Одлука за изменување и дополнување на Статутот на установата, по добиени насоки од страна на Министерство за култура на Република Македонија по изменување и дополнување на Законот за културата (Службен весник на Република Македонија бр.11/18), од Вас бараме согласност за понатамошна примена на Одлуката.

Со почит!

Општинска Установа

Работнички Универзитет

,,Крсте Мисирков“ Кичево

ВД Директор

----------------------

Анета Ѓорѓијоска

Врз основа на член 18, точка 1, од Статутот на Општинска установа Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево бр. (02-64/1) од (13,04,2006) година, а во врска со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18) и членовите 1 и 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18), Управниот одбор на Општинска установа Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево,на седницата одржана на _______________ година, ја донесе следната

**Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинска установа Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево бр. (02-64/1) од (13.04.2006) година**

**Член 1**

Во Статутот на Општинска установа Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево бр. (02-64/1) од (13,04,2006) година во членот 14 од статутот се менува и гласи:

За Директор на ОУ Работнички универзитет може да биде избрано лице кое покрај посебните услови утврдени со закон, ги исполнува и следните општи услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на избирање со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност;
3) има стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1степен високо образование;
4) има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
5) да достави предлог-Програма за работа и развој на установата за наредните четири години
6) има еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
    - ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода,
    - ИЕЛТС(IELTS)- најмалку 6 бода,
    - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
    - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
    - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бодаили
    - АПТИС (APTIS) - најмалкуниво Б2 (B2).

„(2) Директороткој е именуванвопериодотодденотнавлегувањетовосиланаЗаконот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18) до 1 септември 2018 година, е должендагоисполниусловотзапознавањестранскијазикнајдоцнаворокоднагодинаодд енотнанеговотоименување. Надиректороткојнемадагоисполниусловотзапознавањестранскијазикворокотутврденво став 1 наовојчленмупрестанувамандатот.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од Советот на Општина Кичево, а ќе се објави на огласната табла на ОУ Работнички Универзитет,,Крсте Мисирков“ Кичево.

**Претседател,**

_______________________

Ибраим Коча